Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-647/6 од 09.02.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 4-та седница одржана на 08.02.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, бр. 05-4716/1 од 22.12.2022 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година ќе се зголемат за 1.000.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 149.530.505,00 денари.

2. Со зголемувањето од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 1.000.000,00 денари, наменети за:

- Доделување на еднократна финансиска помош за – Донација за настраданото население во Република Турција и Сириска Арапска Република зафатено од катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023 година во износ од 1.000.000,00 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- **Вкупните приходи** ќе се зголемат за 1.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 148.530.505,00 денари ќе изнесуваат 149.530.505,00 денари;
- Приходната ставка **Пренесени вишок средства од мината година** ќе се зголеми за 1.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 53.530.505,00 денари ќе изнесува 54.530.505,00 денари;
- **Вкупните расходи** ќе се зголемат за 1.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 148.530.505,00 денари ќе изнесуваат 149.530.505,00 денари;
- Се воведува нова групна ставка која гласи **450- Помошти, донации и други давања на субјекти** и истата ќе изнесува 1.000.000,00 денари, наменети за настраданото население во Република Турција и Сириска Арапска Република зафатено од катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023 година;
- Се воведува и нова позиција **450100 - Помошти, донации и други давања на субјекти,** која ќе изнесува 1.000.000,00 денари;

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2023-та година, со цел да се обезбедат средства наменети за доделување на еднократна финансиска помош – Донација за настраданото население во Република Турција и Сириска Арапска Република зафатено од катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023 година

За да се зголемат приходите, потребно е да се направат измени на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година и тоа. Приходната ставка Пренесени вишок средства од мината година ќе се зголеми за 1.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 53.530.505,00 денари ќе изнесува 54.530.505,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2023-та година, вкупните планирани приходи според планот ќе се зголемат за 1.000.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 149.530.505,00 денари.

За да се обезбедат средства во износ од 1.000.000,00 денари, потребно е да се изврши промена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година и тоа: Се воведува нова групна ставка која гласи 450- Помошти, донации и други давања на субјекти и истата ќе изнесува 1.000.000,00 денари, наменети за доделување на еднократна финансиска помош на настраданото население во Република Турција и Сириска Арапска Република зафатено од катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023 година. Се воведува и нова позиција 450100- Помошти, донации и други давања на субјекти, која ќе изнесува 1.000.000,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2023-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе се зголемат за 1.000.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 149.530.505,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-647/6 од 09.02.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 4-та седница одржана на 08.02.2023 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 05-679/1

09.02. **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**